Црвен крст на Република Северна Македонија
-Општинска организација Гевгелија
Бр. 0806-3/2
23.01 2023 год.

**Црвен крст на Република Северна Македонија**
ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ГЕВГЕЛИЈА

Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Гевгелија, во соработка со Општина Гевгелија и Општина Богданци во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги, поддржан од Светска банка и Министерство за труд и социјална политика, распишува:

# КОНКУРС

за обука за Лични асистенти на лица со попреченост

Се повикуваат сите заинтересирани лица кои сакаат да посетуваат обука и да се стекнат со државно признат Сертификат да аплицираат во периодот од 23.01.2023 до 06.02.2023 година.

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:**

- Да се државјани на Република Северна Македонија;
- Да имаат над 18 години;
- Да имаат општа психо - физичка способност за работа;
- Да имаат завршено минимум средно образование;
- Да бидат мотивирани за работа со деца и лица со попреченост;
- Да бидат мотивирани по обуката да бидат вклучени во сервисот за лична асистенција при Општина Гевгелија и Општина Богданци во соработка со ОО Црвен Крст Гевгелија.

**Напомена**: обуката за лични асистенти на лица со попреченост е сертифицирана и трае 3 месеци.

Заинтересираните кандидати можат да се пријават во Општинска организација Црвен крст Гевгелија со пополнување на пријавата за обука за Лични асистенти на лица со попреченост, или истата пополнета да ја достават електронски на е – маил: gevgelija@redcross.org.mk

Секој заинтересиран кандидат ќе биде повикан на индивидуално интервју.

Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Гевгелија